# ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ

## Програма за работата на Државната комисија за 2015 година

Број 01 –124/1

09.03.2015

Скопје

***Врз основа на член 205 став (5) од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2012, бр.15/2013 бр.148/2013, бр.160/2013, бр.28/2014, бр.43/2014, бр.130/2014 и бр.180/2014), Државната комисија, на ден 09.03.2015 година, донесе ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2015 ГОДИНА***

## ВОВЕД

Овој документ претставува Програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки (во понатамошниот текст: Државна комисија) за 2015 година како државен орган со својство на правно лице кој е самостоен во својата работа.

Своите програмски активности за тековната 2015 година, Државната комисија ги дефинира содржински согласно приоритетните цели поставени со Стратешкиот план за 2015 година, законските обврски и нејзината организација.

Планираните задачи и активности што ќе ги извршува Државната комисија се систематизирани по области и тоа: работни задачи предвидени со закон, работни задачи кои произлегуваат од стратегијата, аналитичко-информативна дејност, соработка со други органи, следење на состојбите во областа, буџет и финансирање и завршни одредби.

## 1). РАБОТНИ ЗАДАЧИ ПРОПИШАНИ СО ЗАКОН

**1.**1). **Закон за јавните набавки / Закон за концесии и ЈПП**

1.1.1). Решавање на жалби

- по решение донесено од Советот за јавни набавки
- во постапката за доделување на договори за јавни набавки
    - во однос на дејствија или пропуштањето на дејствија поврзани со спроведувањето на технички дијалог
    - во однос на податоците, дејствијата или пропуштањата за превземање дејствија од огласот
    - во однос на дејствија или пропуштањата за превземање на дејствија поврзани со тендерската документација, односно постапката за отворањето на понудите
    - во однос на пропуштањето за донесување на одлука за избор или за поништување на постапката во соодветниот рок согласно со член 162 став 2 од Законот за јавните набавки
    - во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката
    - сознанија за незаконито водење на постапката за доделување на договор за јавна набавка, најдоцна во рок од една година од денот на завршувањето на спроведената постапка

- во постапката за доделување на договори за концесии и јавно приватно партнерство (ЈПП)

1.1.2). Одлучување по барања кои ги поднесуваат странките во постапката на правна заштита;

-Барање за продолжување на постапката,
-Барање за одржување на усна расправа,
-Барање за поништување на постапката поради недоставување на документација до Државната комисија
-Барање за ставање на печат со „клаузула за извршност“

1.1.3). Постапување по службена должност

- во поглед на битните повреди на законот во постапките за доделување на договор за јавна набавка, ако;

- постапката за доделување на договор за јавна набавка е спроведена без одлука за јавна набавка со елементите пропишани во членот 28 ставови (2) и (3) на овој закон,
- постапката за доделување на договор за јавна набавка е спроведена без да се спроведе технички дијалог во случаите каде што неговото спроведување е задолжително согласно со овој закон,
- тендерската документација на постапката за доделување на договор за јавна набавка не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција,
- не е постапено согласно со член 54 став (2) од овој закон,
- се сторени битни пропусти кои се однесуваат на отворањето на понудите,
- се сторени битни пропусти кои се однесуваат на евалуацијата на понудите,
- не е постапено согласно со членот 140 ставови (11) и (12) од овој закон,
- не е постапено според членот 215, а во врска со членот 222 став (4) и (5) од овој закон,
- е објавен оглас за доделување на договор за јавна набавка без да се обезбеди сигласност во случаите каде што добивањето на согласност е задолжително согласно со овој закон,
- не е постапено согласно со решението на Државната комисија,
- е извршен избор на понуда која не е најповолна,
- е извршен избор на неприфатлива понуда.

## 2). РАБОТНИ ЗАДАЧИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СТРАТЕГИЈАТА (2015)

### 2.1).Зајакнување на капацитетите

**2.1.1).**Човечки ресурси

- вработување на 1 (еден) Генерален секретар; 3 (тројца) државни службеници во Секторот за решавање на жалби по јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство; како и 1 (еден) помлад референт во Одделението за стручно - административни работи при Секторот за општи и заеднички работи;

- континуирана професионална едукација на вработените во Комисијата преку семинари, тематски работилници, како и студиски посети согласно програмите за генерички и специјализирани обуки.

**2.1.2).**Техничко опремување

- набавка на нови уреди од информатичката технологија за потребите на вработените во Комисијата поради амортизација на постоечките уреди;

**2.1.3)**.Воведување на систем за управување со квалитет

-електронско управување со документи
- извршување на административните услуги по електронски пат.
-Развој, одржување и надградба на електронската архива
-Сертификација на стандард за квалитет ИСО 9001:2008, преку избор на сертификационо тело кое ќе го изврши имплементирањето на стандардите за квалитет ИСО 9001:2008.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- Број на нови вработувања
- Донесени интерни акти за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки
- Број на обуки и број на обучени државни службеници во Државната комисија
- Навремено доставување на одлуките на Државната комисија.
- Редовно ажурирање на веб страната

**<u>2.2).Постапување по претставките</u>**

**2.2.1).**Прием, постапување и известување на подносителот на претставката
**2.2.2).** Изготвување и доставување на полугодишни извештаи за бројот на примени претставки и начинот на постапување по истите

**<u>2.3). Класифицирани информации</u>**

**2.3.1).**Прием/евидентирање и одговор на Барање за класифицирани информации
**2.3.2).**Изготвување и доставување на годишен извештај за постапување по Барањата за класифицирани информации

## 3). АНАЛИТИЧКО-ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

**3.1).**Изготвување на извештаи и програми за работа
**3.1.1).**Извештај за работата на Државната комисија за 2014 година.
**3.1.2).**Програма за волонтерско работење за 2015 година
**3.1.3).**Програма за работа на Државната комисија за 2016 година.

## 4). СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ

**4.1). <u>Соработка со домашни релевантни институции</u>**

**4.1.1).**Соработка со Бирото за јавни набавки
Соработката на Државната комисија за жалби по јавни набавки со Бирото за јавни набавки ќе продолжи и во наредниот период, особено на полето на заедничка работа во напорите да се подобри системот на правна заштита во јавните набавки.

**4.1.2).**Соработка со Министерството за економија

Соработката на Државната комисија за жалби по јавни набавки со Министерството за економија ќе продолжи да се продлабочува и во наредниот период особено на полето на заедничка работа во напорите да се подобри системот на правна заштита во постапките за доделувањето на договорите за концеси и јавно приватно партнертсво.

**4.1.3).**Соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС)

Соработката на Државната комисија со ЗЕЛС ќе се базира на размена на искуства со цел подобрување на системот за правна заштита во постапките за доделувањето на договорите за концеси и јавно приватно партнертсво.

**4.1.4).**Соработка со стопанските комори

Државната комисија ќе се ангажира во претставување на својата мисија и визија пред странките во постапките за правната заштита во јавните набавки преку работни средби со стопанските комори и нивните здруженија како претставници на економските оператори.

**4.1.5).** Соработка со други државни институции

**4.2). <u>Соработка со странски релевантни институции</u>**

**4.2.1).**Соработка со Канцеларијата на Европската комисија во Скопје.

**4.2.2).** Соработка со СИГМА (Support for Improvement in Governance and Management, A joint initiative of the OECD and the European Union, principality financed by the EU), финансирана исклучиво со средства на Европската унија

**4.2.3).**Соработка со Органи и тела надлежни за контрола на постапките за јавни набавки во регионот и државите на ЕУ

Со странските релевантни институции, Државната комисија ќа ја продолжи соработката преку учество на семинари, обуки, работилници или студиски посети.

## 5). СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРАВНАТА ЗАШТИТА

### 5.1). Начин

**5.1.1)** Преку следење на одлуките кои ги донесуваат Управниот суд и Вишиот управен суд на Република Македонија, а кои се од областа на јавните набавки или концесиите и ЈПП.

**5.1.2)** Преку следење на одлуките кои ги донесува Европскиот суд на правдата, а кои се од областа на јавните набавки.

### 5.2).Цел

**5.2.1).**Обезбедување на единствена, воедначена и доследна примена на основните законски начела во постапките за доделување на договорите за јавни набаки и тоа: обезбедувањето на конкуренција меѓу економските оператори, нивниот еднаков третман и недискриминација од страна на договорните органи, транспарентност и интегритет во

процесот на доделување на договори за јавни набавки, како и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавни набавки.

**5.2.2).**Утврдување на систем за ефикасна правна заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки кој ќе придонесе во засилување на конкуренцијата на пазарот, поефикасна борба против корупција, засилување на финансиското менаџирање, исклучување на ограничувањата со административни бариери и зафаќања, зголемување на интересот на приватниот сектор за јавните набавки, обезбедување најдобра вредност за предвидените пари за јавни набавки, еколошка заштита и стимулација на квалитетот.

**6).РИЗИЦИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Спроведувањето на Програмата за работа во 2015 година ќе зависи од појавата на ризици кои би го загрозиле редовното работење. Досегашното искуство покажува дека и понатаму може да се очекуваат потешкотии кои се поврзани со разбирањето на улогата на Државната комисија од страна на чинителите на системот за јавни набавки, односно од почитувањето на нејзината независност во работењето и одлучувањето. Ова директно влијае на нивото и квалитетот на соработката со истите што би можело да резултира со обврски за Државната комисија кои истата треба да ги има во предвид во фазата на планирање на своите активности.

Исто така, и недостатокот на финансиски средства, (со евентуален ребаланс би се намалиле финансиските средства) би го оневозможило кадровско доекипирање и техничко опремување.

**7).БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ**

Рестриктивноста на буџетот (која се покажува како сериозен и очекуван ризик), продолжува и оваа година. Финансиските средства со кои располага Државната комисија во 2015 година изнесуваат 15.372.000,00 денари.

Согласно тековната структура на вработени во Државната комисија, зголемувањето на платите од 4%, како и неопходната итна потреба од вработување на дополнителни пет лица со статус на државни службеници, и тоа: 1 (еден) Генерален секретар; 3 (тројца) државни службеници во Секторот за решавање на жалби по јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство; како и 1 (еден) помлад референт во Одделението за стручно - административни работи при Секторот за општи и заеднички работи, ќе се зголеми ставката во буџетот на Комисијата за исплата на плати и надоместоци за буџетската 2015 година.

Во делот на средствата утврдени на ставката Стоки и услуги, како и во делот на капитални расходи се одобрени повеќе парични средства во споредба со претходната буџетска година, со тоа што посебно се нагласени деловите за набавка на материјали и ситен инвентар, со што всушност постои можност да се реализираат планираните развојни активности во однос на замена на застарената компјутерска опрема со нова, тековното одржување и надградбата на електронската архива, Документ менаџмент

систем, како едни од приоритетните цели на комисијата, како и сертификација на стандардот за квалитет ИСО 9001:2008.

Исто така, потребно е да се имаат во предвид и пренесените обврски по основ на недостатокот на средства во тековниот буџет на ДКЖЈН за 2014 година.

Одобрените средства во буџетот на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2015 година, изнесуваат вкупно 15.372.000,00 денари, распределени за следните групи на расходи:

| *Ред.бр.* | *Опис* | *Расходи од Буџет* | *Расходи од донации* |
|---|---|---|---|
| 1. | Плати и надоместоци на вработените | 11.662.000,00 | |
| 2. | Стоки и услуги | 3.110.000,00 | |
| 3. | Капитални расходи | 600.000,00 | |
| **4.** | Вкупно | 15.372.000,00 | |

## 7).ИЗВРШУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

Годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2015 година ќе се реализира со акциониот план кој е составен дел на програмата (Прилог 1).

**Претседател,**
**Маја Малахова**

**Прилог 1**

**Акционен план за реализација на годишната програма на Државната комисија за 2015 година**

| Ред. број | Активност | Статус (и очекувани резултати) | Рок |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Работни задачи предвидени со закон** | | |
| | Решавање по жалби | | /тековно |
| | Одлучување по барања кои ги поднесуваат странките | | /тековно |
| | Постапување по службена должност | | /тековно |
| **2.** | **Зајакнување на капацитетите** | | |
| | Вработување на државни службеници | | /прв- втор квартал |
| | Замена на веќе дотраените средства за информатичка технологија | | / прв- втор квартал |
| | Одржување и надградба на систем за електронско управување со акти | | /тековно |
| | Сертификација на стандарди за управување со квалитет ИСО 9001 | | /втор-трет квартал |
| | Воведување систем на заедничка рамка за процена на квалитетот | | /втор - трет квартал |
| **3.** | **Аналитичко-информативна дејност** | | |
| | Извештај за работата на Државната комисија за 2014 година | | / прв квартал |
| | Програма за волонтерско работење за 2015 година | | / втор квартал |
| | Програма за работа на Државната комисија за 2016 година | | /трет квартал |
| **4.** | **Соработка со домашни и странски органи и организации** | | |
| | Соработка со домашни и странски релевантни институции | | /тековно |
| **5.** | **Следење на состојбите во областа** | | |
| | Следење на состојбите во областа | | /тековно |